Врз основа на член 19 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 83/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 122/2021 и 148/26), член 25 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија и Одлуката бр. 0201-479/3 од 13.11.2025 година на Собранието на ИОРРСМ, на која Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија има дадено согласност со Одлука од 04.12.2025 година, Управниот одбор на ИОРРСМ на седницата одржана на 04.11.2026 година донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ, ДРУШТВА ЗА РЕВИЗИЈА И НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ-ТРГОВЦИ ПОЕДИНЦИ

(пречистен текст)

Член 1

(1) Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Институтот) е надлежен за спроведување на контрола на квалитетот над членовите на Институтот кои подлежат на контрола на квалитетот. Соодветното спроведување на системот на контрола на квалитетот е од витално значење за обезбедување на ревизорски услуги со висок квалитет и во исто време, како резултат на високиот квалитет на ревизорските активности се зголемува легитимноста на издадените финансиски информации, а оттука ревизијата значи повисока вредност и заштита за акционерите, инвеститорите, доверителите и другите корисници на извештаите.

(2) Целта на системот на контрола на квалитетот која ја спроведува Институтот е да се подобри квалитетот на ревизорската работа на членовите на Институтот и со тоа зајакнување на општествениот статус на ревизорските активности и ревизорите и зголемување на општествената легитимност на ревизијата.

(3) Во остварувањето и спроведувањето на процесот на контрола, Институтот е отворен за соработка со претставници на меѓународни, регионални и национални организации од областа на ревизијата и сметководството.

I. Општи одредби

Намена на правилникот

Член 2

(1) Намената на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци (во понатамошниот текст: Правилникот) е да се дефинираат основните принципи на контролата на квалитетот кои ги спроведува Институтот, самите постапки на контролата на квалитетот и постапките кои се применуваат при вреднувањето на резултатите како и условите за назначување на лица кои ќе вршат контрола на квалитетот.

Делокруг на контролата на квалитет

Член 3

(1) Контролите на квалитетот кои ги спроведува Институтот ги опфаќаат ревизорските активности наведени подолу во ставот (2) на овој член, како и оценка на ефективноста на системот на контрола на квалитетот на ревизорските услуги воспоставен од членовите на Институтот кои подлежат на контрола на квалитетот.

(2) За целите на овој Правилник под ревизорски активности се подразбираат ревизиите и проверките на историски финансиски информации и други ангажмани за уверување извршени согласно Меѓународните стандарди за ревизија, Меѓународните стандарди за ангажмани за проверка и Меѓународните стандарди за ангажмани за уверување, објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(3) Како ангажмани за уверување не се сметаат:

1) Подготовка на даночни извештаи каде што не се изразува заклучок за искажување на уверување,
2) Консултантски (или советодавни) ангажмани како што се менаџерски и даночен консалтинг,
3) Ангажмани за сведочење при правни постапки во врска со сметководството, ревизијата, оданочувањето или други прашања, и
4) Ангажмани кои вклучуваат професионални мислења, гледишта или текст од кои што корисникот може да извлече некое уверување, доколку е применливо се од наведеното:
   a) Таквите мислења, гледишта или текстови се само споредни во однос на целокупниот ангажман,
   b) Сите објавени пишани извештаи се експлицитно ограничени за употреба само од страна на наменетите корисници определени во извештајот,
   c) Според писмената спогодба со определените наменети корисници, ангажманот не е наменет да биде ангажман за уверување, и
   d) Ангажманот не е претставен како ангажман за уверување во извештајот на овластениот ревизор.

(4) Контрола на квалитетот ќе се спроведува над членовите на Институтот кои подлежат на контрола на квалитетот. Во случај на времено исклучени членови, контролата не се врши за неактивниот период.

Поими и дефиниции

Член 4

(1) Во овој Правилник:

1) *Овластен ревизор кој врши контрола на квалитетот* е лице вработено во Институтот кое ги исполнува условите од чл.20 од Законот за ревизија;

2) *Членови на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија кои подлежат на контрола на квалитетот* се овластени ревизори, друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец (во понатамошниот текст: субјекти на контрола);

3) *Овластен ревизор* е физичко лице кое има добиено лиценца за овластен ревизор издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и е регистрирано во Регистарот на овластени ревизори согласно Законот за ревизија;

4) *Овластен ревизор - трговец поединец* е физичко лице регистрирано согласно Законот за трговските друштва и кое има добиено лиценца за овластен ревизор и лиценца за работа и е регистрирано во Регистарот на овластени ревизори-трговци поединци согласно Законот за ревизија;

5) *Друштво за ревизија* е трговско друштво регистрирано согласно Законот за трговските друштва и кое има добиено лиценца за работа од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и е регистрирано во Регистарот на друштва за ревизија согласно Законот за ревизија;

6) *Деловна врска:* било кој однос заснован на договор во согласност со Законот за облигациони односи, освен договори во рамките на предметот на работење на друштвото за ревизија и овластениот ревизор – трговец поединец;

7) *Правно лице од јавен интерес* е акционерско друштво кое котира на берза, акционерско друштво со посебни обврски за известување согласно Законот за хартии од вредност и трговско друштво кое со посебен закон е утврдено како правно лице од јавен интерес или за кое со посебен закон се бара ревизија согласно истите правила како за акционерските друштва кои котираат на берза;

8) *Период на контрола* е максималниот временски период дефиниран во години, кој може да помине помеѓу две контроли;

9) *Одговорно лице* – е овластен ревизор во друштво за ревизија или овластен ревизор – трговец поединец кој е одговорн за ангажманот и неговото извршување и за мислењето.

II. НАЧЕЛА

Член 5

(1) При контрола на квалитетот, треба да се применуваат следните начела:

НАЧЕЛО НА ДОВЕРЛИВОСТ

1) Документацијата која е посочена во член 9 став (5) и член 15 се квалификува за доверлива и може да биде достапна само за оние лица кои имаат обврска за доверливост во согласност точка 4) на овој став.

2) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот треба да ги чува информациите и податоците кои ќе ги спознае за време на контролата на квалитетот. Тој овластен ревизор нема право да ги користи таквите податоци за свои финансиски одлуки.

3) Обврската за доверливост исто така значи и дека овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот нема право да ги користи информациите кои ќе ги добие за време на контролата во своја лична корист или во корист на трети лица, и дури треба да избегнува да изгледа дека го прави тоа.

4) Покрај овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот, согласно Соопштението на IFAC (Меѓународна федерација на сметководители) за обврски за членство, професионална доверливост треба да постои кај: а) сите лица кои работат или работеле за телото членка на IFAC, регулаторот, Советот за јавен надзор или други надлежни институции одговорни за администрирање и надгледување на системот за контрола на квалитет и б) сите лица инволвирани во соодветниот систем за надзор.

5) Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги пропишува форма и содржина на изјава за доверливост и истата ја потпишуваат лицата со обврска за доверливост според точка 4) на овој став кои доаѓаат до информации поврзани со активностите на контролата на квалитетот, освен доколку таквите информации се јавно достапни или достапни по сила на

закон. Овластените ревизори кои ја вршат контролата на квалитетот ќе се грижат за редовност во потпишување на такви изјави секоја година.

НАЧЕЛО ЗА НЕЗАВИСНОСТ

6) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот не може да ја врши контролата на квалитетот доколку:

- поседува 3% или повеќе проценти во сопственичката структура во друштвото за ревизија;
- во моментот или во периодот по последната контрола на квалитетот бил законски застапник, член на Управниот, односно Надзорниот одбор на субјектот на контрола;
- е партнер, вработен или службеник кај субјектот на контрола;
- има директна или индиректна деловна врска или финансиски интерес кај субјектот на контролата или кој било од неговите службеници, членови на управата или акционери;
- е во брачна врска, директно сродство или индиректно сродство до второ колено, или е поврзан со посвојување, старателство или туторство со овластениот застапник, членот на Управниот и Надзорниот одбор на субјектотот на контрола;
- врши процена за цели на финансиско известување кај субјектот на контрола или во ангажманите предмет на контрола;
- врши сметководствени или други услуги поврзани со сметководствената евиденција, годишните сметки или годишните консолидирани сметки кај субјектот на контрола или во ангажманите предмет на контрола;
- изготвување и имплементација на финансиски информациски системи, или услуги на внатрешна ревизија како надворешен изведувач кај субјектот на контрола или во ангажманите предмет на контрола.

7) Овластен ревизор кој врши контрола на квалитет нема право да спроведува контрола на квалитет поврзана со субјектот на контрола доколку постои кој било однос кој е дефиниран во став (1) точка 6) на овој член или постоел помеѓу блиски роднини на овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет или субјектот на контрола, во моментот или во периодот по последната контрола на квалитетот.

8) Со цел да ја зачува својата независност, овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот не смее да прифаќа каков било вид надоместоци или користи од субјектот на контрола.

9) Овластен ревизор кој врши контрола на квалитетот, пред почетокот на секоја контрола на квалитетот ќе потпише изјава за независност. Во соглсност со член 20, став (5) на Законот за ревизија, формата и содржината на образецот на писмената изјава ги пропишува Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот).

НАЧЕЛО НА ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

10) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот треба контролата да ја врши на објективен начин, да избегнува пристрасност, конфликт и да се однесува пријателски. Коментарите на овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот му помагаат на субјектот на контрола подобро да ги разбере стандардите кои треба да се користат и му помага во нивната примена.

11) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот и субјектот на контрола треба да соработуваат за време на процесот на контрола на квалитетот.

12) Субјектот на контрола нема право на каков било начин да се повикува на резултатите или извршената контрола на квалитетот во своите реклами или дадени понуди или било какво друго јавно презентирање, освен за обврските кои произлегуваат од член 35 од Законот за ревизија за објавување на годишниот извештај за транспарентност.

(2) Непочитувањето на начелата кои се дефинирани во овој член се квалификува како прекршување на обврските кои произлегуваат од вршењето на активностите, а оттука се смета за етички прекршок и води кон дисциплинска постапка во согласност со Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ

III. ПОСТАВЕНОСТ НА КОНТРОЛАТА НА КВАЛИТЕТОТ

Член 6

(1) Контролата на квалитетот над субјектот на контрола опфаќа најмалку:

1) Контрола на системот за контрола на квалитет кај друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци;
2) Потврдување на независноста на овластениот ревизор од субјектот на ревизија;
3) Потврдување на усогласеноста на ревизорските процедури со ревизорските правила и стандарди;
4) Оценка на квалитетот во поглед на ангажирани ресурси и тоа: составот на тимот за ревизија и работните часови;
5) Проверка на наплатениот надоместок за ревизија и
6) Директна контрола на одговорното лице преку контрола на ревизорската документација на најмалку еден субјект на ревизија во периодот од последната контрола.

(2) Контролата на квалитетот се спроведува најмалку еднаш на три години.

(3) Контролата на квалитетот кај субјектите на контрола се врши според годишна Програма донесена од Институтот и/или на писмено барање на Советот.

Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги

Член 7

(1) Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги ги врши следните работи:

1) Го предлага Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и на овластени ревизори - трговци поединци;
2) Предлага годишна и тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги;
3) Усвојува план на контроли на квалитетот и термински план за контроли на квалитетот;
4) Развој на методологија за контрола на квалитетот, со која се врши проценка за тоа дали субјектите на контрола креирале соодветни политики и постапки за контрола и дали се придржуваат кон нив;
5) По добиено барање од Управен одбор ги разгледува извештаите од спроведена контрола на квалитетот;

6) Други прашања поврзани со контролата на квалитетот на ревизорските услуги.

(2) Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги (во понатамиошниот текст Комисијата), се состои од пет члена на Институтот со тригодишен мандат, со право на повторен избор. Три члена на комисијата се овластени ревизори вработени во друштвата за ревизија и/или кај овластени ревизори – трговци поединци.

Овластени ревизори кои вршат контрола на квалитетот

Член 8

(1) Контролата на квалитетот ја спроведува лице вработено во Институтот.

(2) Лицето од став 1 на овој член за спроведување на контролата мора да ги исполнуваат следните услови:

1) да има лиценца за овластен ревизор;
2) да поседува сертификат за завршена обука за контрола издаден од Институтот не постар од три години;
3) најмалку три години пред почетокот на контролата лицето престанало да биде партнер или вработен во друштвото за ревизија или во овластениот ревизор-трговец поединец – субјект на контрола или на друг начин е поврзан со субјектот на контрола;
4) да е независно и да нема конфликт на интереси со субјектот на контрола;
5) пред почетокот на контролата да даде писмена изјава дека не постои конфликт на интереси меѓу него и субјектот на контрола.

(3) Доколку е потребно, по претходна согласност на Управниот одбор на Институтот, покрај лицето од став 1 на овој член, во контролата може да бидат вклучени и проценители и/или други домашни и странски експерти.

(4) Во случај кога контролата се врши на барање на Советот, назначувањето на лицата од став 1 и 3 на овој член се врши по претходна согласност од Претседателот на Советот и во контролата учествува и вработен од стручната служба на Советот, кој дава писмена изјава согласно став 2 точка 5 на овој член и изјава за доверливост согласно член 5 став (1) точка 5) на овој Правилник.

IV. ОПШТИ ПРАВИЛА НА ПОСТАПКИТЕ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ

Селекција на субјекти за контрола на квалитетот

Член 9

(1) Комисијата подготвува план каде што е наведено кој овластен ревизор кој врши контрола на квалитетот ќе ја врши контролата на квалитетот кај кој субјект на контрола и датумот на спроведување на контролата. Терминскиот планот опфаќа временски распоред на контроли кои ќе се спроведуваат во период од септември тековната година заклучно до јуни наредната година.

(2) Контролите на квалитет треба да бидат подредени на начин кој ќе осигури дека секој субјект на контрола ќе биде контролиран барем еднаш во период од 3 години.

(3) Селекцијата на субјекти за контрола се врши според матрица на ризик дизајнирана да прави рангирање по различни критериуми на ризик, а користејќи ги податоците од Прашалникот за

прелиминарни податоци и Годишниот извештај на активности доставени од друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци.

(4) Доколку субјектот на контрола, со постапката за контрола на квалитетот, добил оценка „потребни се значајни подобрувања“ или ‘‘незадоволително‘‘, ќе биде земен за контрола со планот на контроли на квалитет за следната година, како контрола надвор од редовниот циклус. Трошоците за спроведување на контролата паѓаат на товар на друштвото за ревизија или овластениот ревизор-трговец поединец. Трошоците ќе се пресметаат согласно Тарифникот за висината на членаринаta и надоместоците што ги наплатува Институтот.

(5) Комисијата донесува и усвојува план на контроли на квалитетот и термински план на контроли, најдоцна до 15 јули секоја година. Терминскиот план содржи преглед на друштва за ревизија и овластени ревизори–трговци поединци кои ќе бидат предмет на контрола, предвидениот датум на отпочнување на контролата и очекуваното времетраење на контролата.

(6) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот не смее да воспоставува какви било контакти поврзани со организирање на контролата со субјектот на контрола, пред испраќање на официјалното известување од Институтот до субјектот на контрола.

(7) Планот на контроли на квалитет ќе се ревидира на периодична основа и ќе се изврши негово ажурирање соодветно на промените.

(8) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот треба да ја извести Комисијата доколку контролата вклучува субјект на контрола за кој не може да ги задоволи барањата за независност дефинирани во член 5 став (1) точка 6) на овој Правилник.

Известување до субјектот на контрола кој е одбран за контрола и одложување

Член 10

(1) Датумот на отпочнување на контролата го определува Институтот во планот за контроли на квалитетот.

(2) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот е известен за терминскиот план со донесувањето на планот на контроли на квалитетот.

(3) Институтот ги известува лицата проценители и/или други домашни и странски експерти доколку се вклучени во контролата најмалку 30 календарски дена пред планираниот почеток на контролата.

(4) Во случај кога контролата се врши на барање на Советот, известувањето на субјектот на контролата се врши по добивање на согласност од Советот согласно член 8 став (4) на овој Правилник.

(5) Комисијата треба да го информира субјектот на контрола 30 календарски дена пред планираниот почеток на контролата. Известувањето ќе биде доставено по редовна и по електронска пошта. Комисијата ги овластува овластените ревизори кои вршат контрола на квалитетот да го потпишат и достават писменото известување.

(6) Во рок од 8 календарски дена од примањето на известувањето за контролата на квалитет, субјектот на контрола треба да ја информира комисијата доколку назначениот овластен ревизор за

вршење на контрола на квалитетот не ги исполнува барањата за независност дефинирани во член 5 став (1) точка 6) од овој Правилник.

(7) Во период од 8 календарски дена од примањето на известувањето за контролата на квалитетот, субјектот на контрола може до Комисијата да достави барање за одложување на контролата и/или за назначување на друг овластен ревизор за контрола на квалитет, во кое ќе ги наведе причините за барањето.

(8) Комисијата ќе одлучи по барањето за одложување на контролата и/или назначувањето на друг овластен ревизор кој врши контрола на квалитетот, и за својата одлуката ќе ги информира и субјектот на контрола и овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот, во рок од 8 календарски дена. Доколку Комисијата го одбие барањето за одложување, контролата на квалитетот ќе биде спроведена на првобитно определените датуми. Назначувањето на друг овластен ревизор кој врши контрола на квалитетот не доведува до одложување на контролата.

(9) Во рамките на еден план на контроли на квалитетот, контролата на квалитетот може да биде одложена само еднаш, освен кога контролата е неизводлива заради причини кои што се надвор од контрола на субјектот на контрола.

(10) Доколку постапката на контрола на квалитетот е одложена, субјектот на контрола треба да биде информиран за новиот датум на контролата во согласност со одредбите во став (5) на овој член.

(11) Роковите уредени во ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член, не се однесуваат на роковите за најава на контроли по барање на Управен одбор (во понатамошниот текст: контроли кои се по барање). Рокот за најава на почетокот на овие контроли е 5 работни дена. Во овој случај, контролата не може да биде одложена.

V. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА СУБЈЕКТИТЕ НА КОНТРОЛА

Член 11

(1) За целите на планирањето на контролите на квалитетот, друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци имаат обврска да достават податоци до Институтот.

(2) Во случај на неисполнување на обврската за доставување на податоци дефинирани во член 12 ставови (1) и (2) на овој Правилник или доставување на податоци со сериозни грешки, се смета за дисциплинска повреда и води кон поведување на дисиплинска постапка во согласност со Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ.

Член 12

(1) Друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци треба на Институтот да му достават годишни податоци до 15 јуни секоја година, за нивните професионални услуги наведени во член 3 став (2) на овој Правилник кои што ги извршиле, се во тек или се договорени но сеуште не започнале, кумулативно за претходниот период почнувајќи од септември секоја година.

(2) Податоците од став (1) на овој член, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци треба на Институтот да му ги достават и ажурирани заклучно со 30 септември.

(3) Обврската за доставување на податоци која што е дефинирана во став (1) на овој член се исполнува со пополнување на обрасци одобрени од Управниот одбор на Институтот на предлог на Комисијата и со нивно испраќање до Институтот.

(4) Комисијата за контролата на квалитет ги овластува овластените ревизори кои ја вршат контролата на квалитет да ги соберат, чуваат и применуваат податоците од став (1) и (2) на овој член за целите на контролата на квалитетот.

(5) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет може да ја провери потполноста и веродостојноста на доставените податоци за време на контролата на квалитетот која што се извршува на терен.

VI. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНТРОЛАТА НА ТЕРЕН

Известување и избор на ангажмани кои ќе бидат предмет на контрола

Член 13

(1) На 10-от работен ден пред започнувањето на контролата на терен, овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет треба да му испрати на субјектот на контрола список на ангажманите кои ги одбрал за контрола врз основа на доставените и пополнети прашалници со податоци.

(2) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет, ангажманите за основниот примерок треба да ги одбере во согласност со правилата во ставовите (3), (4) и (5) на овој член. Ова не се однесува на контролите кои се по барање.

(3) Примерокот треба да се состави на тој начин што предмет на контрола ќе бидат сите одговорни лица.

(4) Овластените ревизори кои вршат контрола на квалитет го избираат примерокот. Примерокот треба да содржи ангажмани избрани согласно фактори на ризик идентификувани со анализата на податоците во Прашалникот за прелиминарни податоците и Годишниот извештај на активности. Овластените ревизори кои вршат контрола на квалитет за идентификување на фактори на ризик треба да разгледаат специфики поврзани со вид на индустрија и сложеност, потрошени вкупни часови и часови потрошени од одговорното лице, големина на субјект, тип на мислење, предмет на договор, број на години на искуство со клиентот, надоместок, и друго.

(5) Примерокот дефиниран во ставовите (3) и (4) на овој член, треба да вклучува најмалку еден ангажман за ревизија на правен ентитет од јавен интерес.

(6) За време на контролата на терен, овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет може во примерокот да додаде ангажмани, доколку се покаже дека доставените податоци во прашалникот за годишни активности се погрешни, и оттука примерокот кој бил составен врз основа на тие прашалници не е во согласност со ставовите (3) (4) и (5) на овој член.

Спроведување контрола на квалитетот на терен

Член 14

(1) Субјектот на контрола е должен на лицата кои вршат контрола како и лицата проценители и/или други домашни и странски експерти да им обезбеди:

1) непречен пристап до деловните простории,
2) просторија за непречено вршење на контролата,
3) целокупната документација потребна за спроведување на контролата, а доколку е потребно и копии од истата и
4) лице кое доколку е потребно, ќе дава потребни објаснувања.

(2) Контролите на квалитетот опфаќаат контрола на политиките и постапките за контрола на квалитет кои ги применува субјектот на контрола, т.е. оценка на усогласеноста со одредбите во меѓународните стандарди за ревизија (МСР) и Меѓународниот стандард за управување со квалитет 1 – Управување со квалитет за фирми кои вршат ревизии или проверки на финансиските извештаи или други ангажмани за уверување или поврзани услуги (МСУК 1) и Меѓународниот стандард за управување со квалитет 2 – Проверки на квалитет на ангажманот (МСУК 2), објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(3) Во текот на контролата на квалитетот која ја спроведува овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет, треба да се оцени дали субјектот на контрола воспоставил и одржува систем на контрола на квалитет кој вклучува политики и постапки кои што го земаат во предвид секој од следниве елементи:

а) Процесот за проценка на ризикот на фирмата;

б) Управување и раководење;

в) Релевантни етички барања;

г) Прифаќање и продолжување на односите со клиентите и специфични ангажмани;

д) Извршување на ангажманот;

ѓ) Ресурси;

е) Информации и комуникација;

ж) Процесот на следење и санација.

(4) Контролата на системот на контрола на квалитетот на субјектот на контрола треба да се спроведе преку пополнување на соодветни прашалници од страна на овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет и истите за време на контролата на квалитетот треба да бидат потпишани од страна на управителот на субјектот на контролата.

(5) Покрај контролата на воспоставениот систем на контрола на квалитетот на субјектот на контрола, контролата на квалитетот вклучува и контрола на системот на контрола на квалитетот на ниво на ангажмани што се одбрани за контрола на квалитетот.

(6) Контролата на поединечните ангажмани во контекст на системот за контрола на квалитетот има за цел да ја провери имплементацијата на постапките за контрола на квалитетот кои што се применливи за ревизорскиот ангажман и усогласеноста на ревизијата со професионалните стандарди и прифатливата правна и регулаторна рамка. Контролата го опфаќа следното:

1) Усогласеноста со релевантните етички барања вклучувајќи ја усогласеноста со правилата за независност, постапките во врска со прифаќањето и продолжувањето на односите со клиентот и ревизорскиот ангажман;
2) Постапките за проценка на ризик и планирање на ревизорскиот ангажман;
3) Одговорот на субјектот на контрола на проценетите ризици за прибирање на ревизорски докази, квалитетот на собраните докази во работните документи на ревизијата, како основа за оценка на ревизорската работа;

4) Контрола на извршувањето на ангажманот во согласност со политиките и постапките за контрола на субјектот на контрола;

5) Извештајот на независниот ревизор, вклучувајќи ги:

   i. адекватноста на формата и содржината на извештајот на независниот ревизор;

   ii. соодветноста на мислењето за финансиските извештаи во согласност со применливата рамка за финансиско известување во извештајот на независниот ревизор;

   iii. Соодветноста на мислењето за други законски барања, вклучени во извештајот на независниот ревизор.

6) Проверка на кохерентноста на податоците во извештајот за транспарентност во делот на описот на внатрешниот систем на контрола на квалитет, со наодите од контролата на системот на интерна контрола. Во случај на информации кои наведуваат на погрешен заклучок, Комисијата ќе го информира Советот преку Управниот одбор на Институтот.

(7) Контролата на поединечните ангажмани треба да се спроведе преку пополнување на соодветен прашалник и истиот по завршувањето на контролата на квалитет треба да биде потпишан од страна на одговорното лице за ангажманот. За секој поединечен ангажман ќе биде утврдена една од следните оценки "задоволително", "задоволително, но бара понатамошно подобрување", „потребни се значајни подобрувања" или "незадоволително", утврдени со Правилникот за критериумите за оценување на квалитетот на работење на овластените ревизори, трговските друштва и овластени ревизори - трговци поединци.

(8) За одбраните ангажмани, во прашалникот за поединечниот ангажман не смее да се наведува името на клиентот. Секој ангажман треба да биде означен со шифра, а списокот со ангажманите кои одговараат на овие шифри (испратен од овластениот ревизор кој ја врши контролата) треба да го чува субјектот на контролата барем до следната контрола на квалитетот. Списокот ќе се чува и во Институтот на безбедно место (сеф) до кое што пристап ќе имаат само овластени лица. Оваа точка не се однесува на контролите по барање.

Член 15

(1) Контролата на квалитетот треба да се спроведе во просториите на субјектот на контрола.

(2) До датумот на започнување на контролата на квалитетот, субјектот на контрола треба да го обезбеди досието за секој избран ангажман за контрола во просториите во кои ќе се врши контролата, како и актите за системот на контрола на квалитетот изготвени од субјектот на контрола. Субјектот на контрола треба да обезбеди пристап до кој било документ што ќе го побара овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот и да ги даде сите информации што се потребни за целосно завршување на контролата.

(3) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет, во извештај, ќе резимира севкупен заклучок од контролата на системот за контрола на квалитет воспоставен кај субјектот на ревизија и од контролата на избраните ангажмани. Нивоата за изразување на севкупен заклучок во извештајот ќе бидат: "задоволително", "задоволително, но бара понатамошно подобрување", „потребни се значајни подобрувања" или "незадоволително", утврдени со Правилникот за критериумите за оценување на квалитетот на работење на овластените ревизори, трговските друштва и овластени ревизори - трговци поединци.

(4) Врз основа на наодите од контролата на системот на контролата на квалитет воспоставен кај субјектот на контрола и од контролата на поединечните ангажмани субјектот на контрола треба да

подготви акциски план за преземање на корективни дејствија и за унапредување на системот за контрола на квалитетот и/или за разрешување на недостатоците, како и за подобрување на примената на политиките и постапките за контрола на квалитетот, професионалните стандарди и регулаторните и законските барања.

(5) Во текот на контролата, овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет има можност за усмена или писмена консултација со комисиите во рамките на Институтот.

(6) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет, по завршувањето на контролата во просториите на субјектот на контрола, треба да го запознае субјектот на контрола со резултатите од контролата на квалитетот, и да му достави пополнети прашалници и извешај за негово разгледување и забелешки.

(7) Во извештајот, субјектот на контрола може да го наведе своето мислење и коментари за резултатите од контролата на овластениот ревизор кој ја извршил контролата на квалитет.

(8) По дискусијата за резултатите од контролата и финализирањето на извештајот, извештајот за извршената контрола треба да го потпишат и овластениот ревизор кој ја извршил контрола на квалитет и управителот на субјектот на контрола. Доколку субјектот на контрола одбие да ги потпише прашалниците или извештајот за извршената контрола, истите се доставуваат до Управниот одбор на Институтот.

(9) Заради следење и оценување на активностите преземени од страна на субјектот на контрола, субјектот на контрола е должен во рок од три дена од истекот на роковите утврдени во акцискиот план од став (4) на овој член до Институтот и до Советот да достави извештај за реализација на препораките и отстранување на идентификувани недостатоци, неправилности и незаконитости.

(10) Покрај прашалниците што се споменуваат во член 14 ставови (4) и (7) од овој Правилник и извештајот за извршената контрола што е споменат во став (3) на овој член, документацијата која што ја комплетирал овластениот ревизор кој вршел контрола на квалитет не може да содржи документи што се дел од работните документи на ангажманот. Доколку на овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет му биле обезбедени копии од вакви документи за потребите на контролата, тогаш овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет треба да ги уништи овие копии по завршувањето на постапката за контрола на квалитетот.

(11) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет, пред отпочнувањето на контролата, ќе му даде на субјектот на контрола потпишана изјава за независност.

(12) Овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет треба да му даде потпишана изјава за доверливост на субјектот на контрола.

Документација на постапките на контрола на квалитетот

Член 16

(1) Институтот треба да ја чува документацијата за контролите на квалитетот како доверлива, и да ја уништи по спроведување на следната контрола на квалитетот за тој субјект на контрола, освен за документација за која сеуште постои отворена постапка пред било кои тела на Институтот и други надлежни институции.

(2) Комисијата подготвува извештај за резултатите од контролата на квалитетот кои биле спроведени согласно планот на контроли на квалитетот (во натамошниот текст: извештај), Извештајот на Комисијата е ограничен на општи извештаи, и не смее да содржи имиња или посочување од кои што би се извлекол идентитетот на контролираните субјекти на контрола. Извештајот на Комисијата го усвојува Управниот одбор на Институтот и истиот се доставува до Советот за добивање на согласност.

(3) Извештајот за контрола на квалитетот треба да вклучува:

a) содржината и делокругот на спроведените контроли;

b) составот на контролираните примероци (кај друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци);

c) резултатите од контролите како статистички податоци;

d) резултатите од контролите во смисол на идентификувани проблеми;

e) информации за доставени извештаи за понатамошно разгледување до Управниот одбор;

f) резиме на дадените препораки;

g) предлози до Комисијата за образование, обука и публикации во врска со методите за понатамошна професионална обука.

(4) Комисијата за контрола на квлитетот треба да го подготви извештајот од став (2) на овој член, најдоцна три месеци по спроведувањето на годишната програма за контрола. и се доставува до Управниот одбор за понатамошно постапување.

Оценка на резултатите од контролите на квалитетот

Член 17

(1) Доколку субјектот на контрола и овластениот ревизор кој ја извршил контролата на квалитетот не постигнат согласност околу одредени прашања, субјектот на контрола во рок од 5 работни дена по добивањето на извештаите од контролата има право на приговор до Управниот одбор на Институтот.

(2) Доколку севкупниот заклучок за субјектот на контрола е „незадоволително“, преписот од извештајот во писмена форма се проследува до Управниот одбор.

(3) Овластените ревизори кои ја вршат контролата го доставуваат извештајот за извршена контрола која е по барање до Комисијата и преписот од извештајот во писмена форма се проследува до Управниот одбор на Институтот.

(4) Рокот во кој овластениот ревизор кој ја врши контрола на квалитет ќе го заврши извештајот за извршената контрола е 30 дена по потпишување на обрасците и прашалниците за контролата на квалитетот.

Достава и објава на резултатите

Член 18

(1) Извештајот од член 15 за резултатите од контролата на квалитетот кој го подготвуваат овластените ревизори кои вршат контрола на квалитетот наведени во член 8 став (1), се доставува до УО за понатамошно постапување.

VII. ЗАВРШНИ И ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 19

(1) Сите правилници, обрасци и прашалници и други упатства поврзани со спроведување на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци ја сочинуваат Методологијата за организација и спроведување на контрола на квалитетот. Обрасците, прашалниците и упатствата ги одобрува Управниот одбор на Институтот на предлог на Комисијата. Методологијата за организација и спроведување на контрола на квалитетот се објавува на веб страната на Институтот.

(2) Комисијата дава предлог до Управниот одбор на Институтот за доставување на циркуларни писма до субјектите на контрола со цел да се подобри квалитетот на ревизорската работа на членовите на Институтот следејќи ги најдобрите ревизорски практики.

(3) До изготвување на изјавата за независност и конфликт на интерси во член 5 став (1) точка 9) на овој Правилник од страна на Советот, ќе се применува изјавата за независност која е составен дел на методологијата за контрола на квалитет објавена на веб страната на Институтот.

(4) Одредбите од членот 8 став (2) точка 2) од овој Правилник ќе започнат да се применуваат две години од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија (“Службен весник на РМ”, бр. 83/2018 од 08.05.2018), кој е влезен во сила на 08.05.2018 година.

(5) Одредбите од членот 14 став (2) и (3) од овој Правилник ќе започнат да се применуваат за ангажмани на ревизии и проверки на историски финансиски информации и други ангажмани за уверување извршени согласно Меѓународните стандарди за ревизија, Меѓународните стандарди за ангажмани за проверка и Меѓународните стандарди за ангажмани за уверување, согласно објавата во (Службен весник на РСМ бр.273/24 од 30.12.2024) , а ќе се применуваат како што следи:

- ангажмани за ревизија – за ревизија на финансиски извештаи за финансиски периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година;

- ангажмани за проверка – за проверки на финансиски извештаи за финансиски периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година;

- За сите ангажмани за ревизија/проверка на финансиски извештаи кои се однесуваат на финансиските периоди пред оние што се наведени во ставот (5) од овој член, а истите се прифатени на или по 1 јули 2025 година, ќе се применуваат МСР и Кодексот на етика кои се во важност во моментот на извршување на ревизијата.

(6) За сите ангажмани за ревизија/проверка на финансиски извештаи кои се однесуваат на финансиските периоди пред оние што се наведени во ставот (5) од овој член, а истите се прифатени пред 1 јули 2025 година, ќе се применуваат МСР и Кодексот на етика, објавени во Службен весник на РСМ бр.79/2010.

Член 20

(1) Овој Правилник стапува во сила на денот на негово усвојување на седница на Собранието на Институтот, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

(2) Од датумот на примена на овој Правилник престанува да важи Правилнкот за начинот и постапката на контролата на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец усвоен од Собранието на Институтот на 20.12.2008 година. Сите постапки кои се отпочнати пред донесување на овој Правилник ќе се водат според Правилникот кој бил во важност во периодот на отпочнување на постапката.

(3) Овој Правилник ќе биде објавен на веб страната на Институтот.

Претседател на ИОРРСМ

Ненад Тортевски